# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 2 година XXXVII




Јуни 2024 г.

СОДРЖИНА

2 страна - **Застапување на правата на лицата со интелектуална попреченост во предизборниот процес**

3 страна - **Активности на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје во „Зелена арка - Бостание“**

4 страна - **Работилница за евалуација на работата на дневните центри**

4 страна - **Соработка со Институтот за социјална работа и социјална политика**

5 страна - **Светски ден на лицата со Даунов синдром**

6 и 7 страна - **Активности за креирање на мрежа на даватели на социјални сервисни служби**

8 и 9 страна - **Учество на меѓународна конференција на ЕАСПД**

10 страна - **Учество на Генерално собрание и конференција на Европскиот форум за попреченост**

11, 12, 13, 14 и 15 страна - **Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА**

16 страна - **Велигденски базар на ЦПЛИП - ПОРАКА Битола**

***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Јуни 2024 г. Број 2, год. XXXVII**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Артифекс Креативе ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Застапување на правата на лицата со интелектуална попреченост во предизборниот процес

**Во рамките на своите предизборни активности, кандидатите за пратеници од различни политички партии остварија средби со претставници на Републичкиот центар за лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА и на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА.**

**Претставниците на РЦПЛИП - ПОРАКА и локалните организации ги искористија овие средби за повторно да ги нагласат и актуелизираат потребите и потешкотиите на кои наидуваат лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во секојдневното живеење. Исто така, ги потенцираа и приоритетите на кои треба да се обрне особено внимание при унапредувањето на законските можности за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.**

На средбите беше укажано дека во областа на **самостојното живеење и вклученоста во заедницата, како и на социјалните сервисни служби**, и покрај позитивниот развој на законската рамка, потребни се дополнителни иницијативи. Пред сè, постои недостиг на сервисни служби за поддршка во заедницата, а и тие што постојат не се рамномерно регионални дистрибуирани. Треба да се овозможи целосна имплементација на деинституционализацијата, особено за имплементација на транзицијата кон услови за независно живеење, да се доделат доволно ресурси и да се осигура дека услугите во заедницата се достапни, пристапни, приспособени и квалитетни, со цел да се овозможи лицата со попреченост да бидат вклучени во заедницата.

**Здравствениот систем во нашата земја** не е доволно прилагоден за да обезбеди сеопфатни и квалитетни услуги за лицата со интелектуална попреченост. Во изминатиот период државата не успеа да ги надмине слабостите на кои континуирано укажуваа организациите на лицата со попреченост. За лицата со интелектуална попреченост, меѓу другото, потребно е да се развијат услуги, програми и сервисни служби за превенција, рано откривање и дијагностицирање и рана интервенција, при воочување на нетипичен развој на новородени, но и следење, третман и рехабилитација. Потребно е да се овозможи придружник при хоспитализација во болнички услови, без ограничување на возраста со цел да се оствари потребната здравствена заштита.

И покрај позитивните промени во законодавната рамка и напредокот во **образовните политики** потребна е силна политичка волја и посветеност на чинителите во реформата со цел започнатите иницијативи да се реализираат, а постигнатото да се одржи во оптимални рамки. Со цел да се постигне целосно инклузивно образование, треба да се преземат дополнителни мерки и инвестиции за подобрување на инфраструктурата, адаптирање на наставните програми, подигање на свеста, како и зајакнување и обуки на наставниот кадар.

Во областа на **вработувањето на лицата со интелектуална попреченост** основен приоритет е воведувањето на квотен систем и професионална рехабилитација, подобрени можност за вработување на отворениот пазар на трудот и воведување на моделот на поддржано вработување. Исто така, потребно е зајакнување на механизмот за следење и контрола на односот на работодавецот кон вработените лица со интелектуална попреченост, како исклучително важно за ефективно остварување на правото на вработување за лицата со интелектуална попреченост.

Што се однесува до **обезбедувањето на соодветен животен стандард и социјална заштита**, државата треба да гарантира соодветен стандард за живот на лицата со попреченост преку компензации во форма на парични додатоци кои би овозможиле лицата со попреченост да ги покријат трошоците поврзани со попреченоста. РЦПЛИП – ПОРАКА се залага лицата со умерена интелектуална попреченост да се опфатат како корисници на надоместокот за попреченост, барем во помал обем, колку што е надоместокот за потполно глуво лице.

# Активности на корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје во општествената градина „Зелена Арка – Бостание“

„Зелена Арка – Бостание“ е првата урбана градина во Скопје, сместена во паркот во Ново Лисиче и е водена од идејата за претворање на јавните површини во урбани градини. Овој проект е реализиран со финансиска поддршка на Град Скопје, а во соработка со Општина Аеродром, ЈП „Паркови и зеленило“, Шумарскиот факултет, Градежниот институт и повеќе општествено одговорни компании. Во своето неколкугодишно постоење таа претставува убава можност за поттикнување на нераскинливата симбиоза помеѓу човекот и природата.

По претходно поднесено барање за доделување на парцела со обработливо земјиште од септември 2023 година на семејството на „бостаничари“ се приклучија и дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје. Првата сезона се запознававме со правилата и условите за работа во оваа градина. Се работеше на подготовка на земјиштето преку плевење на коров и прекопување на земјата. Првите обиди за сеидба беа скромни преку засадување на есенски култури. Оваа година, со пристигнувањето на пролетта и убавото време се интензивираа и активностите на двете доделени парцели. Овој пат корисниците имаа можност процесот на производство и одгледување на раноградинарски култури да го практикуваат од првиот чекор. Со своите вредни раце и огромен елан за работа успешно го поминаа процесот на подготовка на земјата за садење. Повторно беше ослободена од досадниот коров, неколкупати беше прекопана, порамнета и наѓубрена.... Во дневните центри се посеаја првите семиња за расад од домат, леденка, пиперки, тиквички, краставици... На самите парцели се посеа боранија, лук, морков. Секој корисник согласно своите можности се обиде да се вклучи во овие активности кои несомнено се омилени кај сите поради можноста за работа во природа. Сепак за кратко се издефинира една група од неуморни градинари за кои нескромно е да се каже, го понесоа на своите плеќи поголемиот дел од товарот на овој процес. Преку активно ангажирање, размена на семенски материја, расад и корисни совети се вклучија и дел од родителите на корисниците од двата дневни центри.



Благодарност упатуваме и до останатите градинари од „Бостание“ за безрезервната поддршка низ целиот процес.

Интерес за активностите на корисниците во општествената градина покажа и г-ѓа Линда Трајковска, професор по фотографија и професионален фотограф. Заеднички се роди идејата да се фотографираат сите активности кои корисниците ги реализираат во градината и од истите да се направи изложба со наслов кој сам по себе кажува се, „Од градина до трпеза“. Од месец март, упорноста и вложениот труд на корисниците најдобро се доловени низ објективот на г-ѓа Трајковска.

Првата берба од одгледувани култури донесе неизмерна радост кај корисниците, но и поттик да се продолжи и понатаму со интензивно градинарење. Во дневните центри во рамките на практичните активности тие самостојно ги подготвија првите оброци од производите на сопствениот труд и обработката на земјата.

Придобивките од овие активности се очигледно повеќекратни и долготрајни. Во целост се рушат стереотипите во однос на самостојноста на лицата со попреченост. Работата во градината има и терапевтско влијание, а несомнено преку комуникација со другите градинари се подоборува и нивната социјализација и инклузија во заедницата.





## Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА

# Работилница за евалуација на програмата за работа во дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, изминатиов период, ја преструктуираше својата програма за работа во дневните центри која беше усогласена на работилница за „Практични активности за унапредување на вештините за самостојно живеење на корисниците на дневните центри и социјалните клубови на РЦПЛИП – ПОРАКА“. Преструктуирањето на програмите за работа во сервисните служби произлезе од потребата да се стави поголем акцент околу развивањето и задржувањето на практичните вештини и вештините за самостоен живот на корисниците. Зајакнувањето на практичните вештини е особено важно за корисниците кои во изминатиот период останаа без своите родители, со цел да се овозможи нивно постамостојно функционирање во својот дом, со поддршка од поширокото семејство. Исто така, кај дел од корисниците на сервисните служби, како последица од пандемијата и останувањето дома, се воочува уназадување во практичните вештини.

Во рамките на постојаното унапредување на работата на своите сервисни служби за лица со интелектуална попреченост, а истовремено и како дел од програмските активности насочени кон стручно методолошка поддршка, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА организираше и одржа еднодневна работилница на 23.3.2024 година. Работилницата беше наменета за евалуација на работата на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА со сите вработени лица во дневните центри и се одржа во просториите на РЦПЛИП - ПОРАКА. За време на работилницата, тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА, како и вработените лица меѓусебно, даваа предлози за подобрување и унапредување на содржинските аспекти во функционирањето на дневните центри. Истовремено, се укажуваше и на потешкотиите во работата и заеднички се бараа можни решенија.

Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи континуирано да дава поддршка на персоналот за успешно планирање и реализирање на програмите за работа во мрежата на сервисни служби на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА.

## Соработка на РЦПЛИП - ПОРАКА со Филозофски факлутет - Скопје

# Соработка со Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет – Скопје

Долгогодишната соработка на РЦПЛИП – ПОРАКА со Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет на УКИМ во Скопје продолжува успешно да се реализира и во изминатиот период.

Започнувајќи од март 2024 година, два студенти на прва година на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет – Скопје, секој петок во период од три месеци обавуваат стручна пракса во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје (Аеродром) и се директно вклучени во работните активности, со цел стекнување на знаења и искуства за работа со лица со интелектуална попреченост како идни социјални работници. Стручната пракса за студентите од прва година заврши на крајот на мај 2024 година.

Исто така, група студенти на трета година на Институтот за социјална работа и социјална политика, во мај 2024 година продолжија со реализација на практична настава во двата дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје, во рамките на предметот „Социјална работа со лица со попреченост“. Студентите беа вклучени во директни активности со корисниците во дневните центри, со цел да се запознаат со функцијата на дневните центри како важни социјални сервиси и улогата на социјалните работници во спроведувањето на програмските активности во овие сервисни служби. Практичната настава за студентите од трета година заврши на крајот на мај 2024 година.





## Активности за одбележување на Светскиот ден на Даунов синдром

# Стави крај на стереотипите!

**На 19-ти декември 2011 година, Генералното собрание на Обединетите нации го прогласија 21-ви март за Светски ден на Дауновиот синдром. Генералното собрание одлучи, со почнување од 2012 година, да се одбележува Светски ден на Дауновиот синдром на 21 март секоја година. Со цел подигнување на јавната свест во однос на Дауновиот синдром, Генералното собрание на ОН ги повикува сите држави членки, релевантни организации во системот на Обединетите нации и други меѓународни организации, како и организации од граѓанското општество, вклучително и невладини организации и приватниот сектор, да го одбележуваат Светскиот ден на Дауновиот синдром со низа различни активности.**

Овогодинешната тема на Светкиот ден е „Стави крај на стереотипите". Пораката од овогодинешната тема е клучна за пристапот кон попреченоста заснован на човекови права. Кампањата која се води оваа година содржи активности што се посветени на стопирање на предрасудите и стереотипите кон лицата со Даунов синдром кои за жал сè уште владеат во општеството.

Стереотипите претставуваат сет од идеи и верувања кои луѓето ги имаат за одредена група луѓе. Стереотипите можат да бидат позитивни, негативни или неутрални, но најчесто се неточни или едноставно погрешни. Тие најчесто се базираат на ограничени информации или лични искуства. Можат да бидат зајакнати со начинот на кој нешто се претставува во медиумите или преку најразлични други пораки. Еднаш формирани, стереотипите тешко можат да се променат. За лицата со Даунов синдром и интелектуална попреченост, стереотипите можат да ги спречат да бидат третирани како другите луѓе. Со нив се однесуваат како со деца, ги потценуваат и ги исклучуваат, па дури и ги злоупотребуваат. Дел од пораките на лицата со Даунов синдром се:

- Сите луѓе се различни. Секое лице со Даунов синдром и интелектуална попреченост е различно.
- Не се однесуваме сите на ист начин, или да сакаме исти работи.
- Секој од нас има сопствен идентитет, интереси, дарби и таленти, како и секој друг.
- Да се има Даунов синдром и интелектуална попреченост е само еден дел од тоа какви сме.
- Ние сме луѓе. Третирајте нè како луѓе.

На 21 март, во седиштето на Обединетите нации во Њујорк, Меѓународната мрежа Даунов синдром (Down





Syndrome International Network) беше домаќин на 13-тата Конференција по повод Светскиот ден на Дауновиот синдром.

За време на конференцијата голем број самозастапници, поддржувачи, владини претставници, претставници од Обединетите нации и претставници на невладини организации ги споделија своите знаења, искуства и добри практики од земјите ширум светот. На панел дискусиите особено внимание се посвети на одредени теми кои директно ги засегаат лицата со Даунов синдром.

Овој пат, покрај пораките за ставање крај на стереотипите, акцентот беше ставен и на овозможување здравствена еднаквост за лицата со Даунов синдром. Здравствената еднаквост претставува правична можност да се биде што е можно поздрав, без да се биде обесправен во постигнувањето на таа еднаквост. За таа цел, Меѓународната мрежа Даунов синдром ќе започне со кампања за здравствена еднаквост на лицата со Даунов синдром. Целите на кампањата се:

- Да се подигне свеста за правото на здравствена еднаквост;
- Да се соберат докази за здравствена еднаквост на лицата со Даунов синдром насекаде низ светот;
- Да се застапува за промени во политиките и законодавството со цел промовирање на здравствената еднаквост.

Светскиот ден на Дауновиот синдром се одбележува и во нашата држава. Локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА редовно реализираат различни активности по повод овој ден, а со цел подигнување на јавната свест за инклузија и подобрување на квалитетот на живот за лицата со попреченост.

## Партнерски активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности за креирање на мрежа на даватели на социјални сервисни служби

На 25 и 26 април 2024 година, во организација на СОС Детско село, беше одржана дводневна работилница за планирање на процесот на воспоставување функционална мрежа на даватели на социјални услуги во хотел Гарденија, Велес. Настанот беше поддржан од Амбасадата на Република Австрија и Сојузното министерство за социјални прашања, здравство, грижа и заштита на потрошувачите на Австрија.

Целите на работилницата беа следни:

- да се постигне заедничко разбирање за основните постулати на функционирање на мрежата помеѓу организациите-членки на иницијативниот одбор за формирање мрежа на даватели на социјални услуги;
- да се изработи оперативен план, со јасни одговорности и рокови, за следните чекори за воспоставување на мрежата на даватели на социјални услуги; и
- да се зајакне мотивацијата и тимската работа на организациите-членки на иницијативниот одбор за формирање мрежа на даватели на социјални услуги.

На работилницата учествуваа 20 претставници од 11 организации од вкупно 12 организации – членки на иницијативниот одбор за воспоставување на мрежата, меѓу кои и РЦПЛИП - ПОРАКА. Учесниците на работилницата консензуално утврдија заклучоци кои претставуваат основа за натамошната работа за воспоставување на мрежата.

Анализирајќи ја тековната состојба на полето на социјалните услуги, учесниците ги согледаа позитивните и негативните клучни карактеристики и трендови во полето. Во поглед на посакуваната идна состојба на полето на социјалните услуги, клучно е да се осигура континуитет во напорите на државата и стратегиските одредници на релевантните јавни политики, со учество на граѓанскиот сектор, давателите и корисниците на услугите.

**Во текот на работилницата учесниците ги усогласија ставовите и размислувањата за визијата и долгорочните цели на идната мрежа на даватели на социјални услуги. Тие ќе бидат засновани на следниве приоритети за унапредување на системот на социјалните услуги:**

- Систем на социјални услуги заснован на реално утврдените потреби на корисниците, преку мапирање и студии за проценка на потребите на заедниците.
- Одржлив, недискриминаторски и соодветно регулиран систем за социјални услуги, кој обезбедува квалитетни стандардизирани услуги за сите корисници кои имаат потреба.
- Регулатива: јасна, прецизна, соодветна на потребите на различните групи корисници и даватели на услуги и која ќе поттикнува развој на постоечките, како и на нови услуги.
- Социјални услуги по мерка на корисниците: приспособливост на услугата согласно личните потреби на корисникот („пристап заснован на личноста“, проширување на целните групи на различните социјални услуги (т.е. поширок опфат на услугите).
- Социјални услуги: стручни, фокусирани, стандардизирани, инклузивни, достапни за цела територија, финансиски одржливи.
- Правната рамка го поттикнува квалитетот на социјалните услуги и обезбедува стандарди кои важат за сите даватели, јавни и приватни, на социјални услуги.
- Децентрализација и рамномерна регионална дистрибуција на социјалните услуги. Државата има проактивна улога за воспоставување услуги во регионите каде што недостасуваат одредени услуги или не постојат даватели на социјални услуги.
- Функционален и одржлив систем на финансирање со креирање на нова соодветна методологија за плаќање на услугите за различни целни групи.
- Методологија за утврдување цени на чинење на социјалните услуги и повеќегодишни договори за финансирање на услугите, кои ќе овозможат одржливост на давателите.
- Разработени различни модели за обезбедување одржливост на социјалните услуги, вклучувајќи партиципација на корисниците, согласно нивната или финансиско-материјалната состојба на нивното семејство.
- Државното финансирање да обезбеди стопроцентна покриеност на реалните трошоци за давање на социјалната услуги, со споделена одговорност на националните и локалните власти во обезбедувањето средства.
- Траењето на управниот договор (за финансирање на социјалните услуги) да се поврзе со валидноста на лиценцата на давателот на социјалните услуги: 5 години.
- Да се олесни постапката за продолжување на лиценцата на давателот на социјални услуги во однос на постапката за првично добивање лиценца („да не почнуваме од нула“).
- Учество на давателите во процесот на воспоставување, давање и следење на квалитетот на услугите.
- Да се обезбеди задолжителна вклученост на давателите на услуги во креирањето на политики според потребите.



## Партнерски активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

- Подобрена соработка на давателите на социјални услуги со надлежните институции.
- Систем што поттикнува интерсекторска соработка и решенија за потребите на корисниците.
- Кохерентни механизми и јасни стандарди за следење на квалитетот на социјалните услуги.
- Систем што поддржува стручно оспособување и сензибилизација на стручните кадри.
- Поголема слобода на давателите на услуги во одлучувањето и постапувањето во најдобар интерес на корисникот при кризни ситуации.

**Клучни елементи на улогата, одговорностите и задачите на мрежата треба да бидат:**

- Лобирање и застапување за остварување на најдобриот интерес, почитување на човековите права и унапредување на животот на граѓаните на Македонија, со фокус на ранливите групи.
- Застапување на развој и обезбедување квалитетни социјални услуги по мерка на корисниците.
- Остварување влијание (импакт) преку застапување, лобирање, креирање на политики, промени на закони и подзаконски акти.
- Учество во креирањето јавни политики за социјална заштита.
- Анализа на состојбите на полето на социјалните услуги и застапување засновани на докази.
- Јакнење на свеста за потребата од, како и значењето на унапредувањето на системот за социјални услуги.
- Зајакнување на позицијата на граѓанските организации како даватели на социјалните услуги.
- Зајакнување на мрежата на даватели на социјалните услуги и изработка на политики, правилници и протоколи за работа.
- Поттикнување на меѓусебната соработка помеѓу давателите на социјални услуги.
- Информирање на јавноста и на клучните чинители.
- Унапредување на квалитетот и достапноста на социјалните услуги за корисниците.
- Поттикнување на иновациите и иновативните пристапи во давањето социјални услуги преку споделување добри практики помеѓу давателите.
- Јакнење на капацитетите на давателите на социјалните услуги, обезбедување можности за професионален развој на вработените на давателите.
- Меѓународно вмрежување и размена на искуства.
- Усогласување на ставовите и интересите на членките на мрежата.

Учесниците разменија информации и искуства за сопствените искуства од учеството во домашни и меѓународни мрежи, притоа потенцирајќи ги предностите и слабостите од делување во формални и неформални мрежи. Правејќи ја ваквата анализа и разгледувајќи ги организациската поставеност и структура, учесниците утврдија дека мрежата ќе биде неформална, чии основачи, на доброволна основа, ќе бидат 12 организации - членки на иницијативниот одбор. Во зависност од идното работење на мрежата, промените во контекстот и потребите на нејзините членки, организациската поставеност и структура ќе може да се ревидира.

На работилницата, како претставник на РЦПЛИП – ПОРАКА, учествуваше м-р Владо Крстовски, програмскиот менаџер на РЦПЛИП – ПОРАКА, кој го даде својот придонес во работата на работилницата и ги презентираше идеите и ставовите на РЦПЛИП – ПОРАКА за понатамошното активности за оформување на оваа мрежа.

Основен приоритет на РЦПЛИП – ПОРАКА како давател на социјални услуги е ревизија на Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој, од аспект на лица со интелектуална попреченост. Ревизијата на правилникот за дневни услуги беше потребно да се спроведе со вклучување на здруженија кои имаат искуство во давањето на дневни услуги, со цел истиот да овозможи:

- минимум реално остварливи стандарди кои ќе бидат неопходни да се исполнат од страна на секое здружение.
- поголема флексибилност на критериумите и можност за диференцијација според целни групи, особено кога станува збор за дневни центри за различни групи на лица со попреченост, бидејќи не е соодветно истите стандарди да важат за различни групи (на пример, за возрасни лица со интелектуална попреченост и за деца со церебрална парализа).
- поголема насоченост кон квалитетот на процесот на давање на услугата, согласно современите рамки за квалитет на социјални услуги, преку воведување на одредби кои ќе го регулираат индивидуалниот пристап и личното планирање, употреба на современи методи и техники за работа, како и вклучувањето на корисниците во процесот на планирање и давање на услугата.





## Активности од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

# Меѓународна конференција на ЕАСПД „Гарантирање на избор и контрола: Трансформирање на поддршката во областа на менталното здравје и психосоцијалната попреченост“

**Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост – ЕАСПД, на 20-ти и 21-ви мај ја организираше меѓународната конференција на тема: „Гарантирање на избор и контрола: Трансформирање на поддршката во областа на менталното здравје и психосоцијалната попреченост“.**

Приоритетите на ЕАСПД за 2022 – 2025 година се фокусираат на инклузивноста и еднаквоста во обезбедувањето сервисни служби за попреченост, со акцент на проблемите со менталното здравје и психосоцијалната поддршка. Лицата со потешкотии во менталното здравје и психосоцијални попречености се соочуваат со зголемени предизвици. Постојните сервисни служби за ментално здравје се искористени до максимум и не ги задоволуваат потребите на општата популација, при што лицата со попреченост пријавиле незадоволени медицински потреби со значително повисока стапка. Преминувајќи кон пристап заснован на човекови права, сервисите за ментално здравје се развиваат за да бидат ориентирани кон заедницата и насочени кон лицето, со цел да ги поттикнат поединците во нивното патување кон закрепнување. Сепак, постојат значителни празнини во квалитетот на сервисните служби, пристапноста, прифатливоста и достапноста. Податоците за менталното здравје и психосоцијалната поддршка во контекст на попреченоста остануваат оскудни, што ги поттикна истражувачките напори на ЕАСПД да се осврнат на оваа ситуација.

Токму водејќи се од своите приоритети, ЕАСПД, ТЕНЕНЕТ и СоциоФорум, со поддршка од СЗО, ја организираа меѓународната конференција „Гарантирање на избор и контрола: Трансформирање на поддршката во областа на менталното здравје и психосоцијалната попреченост“. Конференцијата се одржа во Братислава, Словачка на 20-ти и 21-ви мај. Меѓународната конференција ги адресираше суштинските прашања кои произлегуваат од системот за ментално здравје кој е вкоренет во медицилизирана парадигма и истражуваше како може да се движиме нанапред кон обезбедување на сервисни служби за ментално здравје во местото на живеење, насочени кон лицето и засновани на закрепнување, а вкоренети во принципите на човековите права. Конференцијата поттикна на активно учество од лица кои имаат лични искуства на овие теми, понатаму, обезбедувачи на сервисни служби, креатори на политики, истражувачи и други чинители. Сите заедно се обидоа да дадат критички преглед на постојните рамки; клучни принципи на човековите права; сервисни служби за ментално здравје во местото на живеење ориентирани кон лицето и засновани на закрепнување; да се осврнат на предизвиците на практичната имплементација и пружањето сервисни служби.






Иако нашето разбирање за менталното здравје и психосоцијалната попреченост расте, многу индивидуи и понатаму добиваат неквалитетна нега и се соочуваат со кршење на човековите права во системот за ментално здравје вкоренет во медицилизираната парадигма. Ваквата застарена перспектива инсистира на дијагностицирање, третман и лечење на ментално здравствените состојби без доволно да се разгледа поширокиот контекст или увидување на социјалните фактори кои влијаат врз добросостојбата на лицето. Присилните практики, принудните примања и наметнатите третмани опстојуваат како форми на

## Активности од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

воздржаност и изолација, нагласувајќи ја итната потреба за трансформативна промена.

За време на конференцијата се опфатија токму овие суштински прашања и се промовираше пристап кон менталното здравје и психосоцијалната попреченост заснован на човекови права. Во центарот на овој пристап е признавање и почит за правото на лицето да носи одлуки за сопствената добросостојба. За ова да се постигне, потребни се сервисни служби за ментално здравје во местото на живеење насочени кон лицето и засновани на закрепнување, а вкоренети во принципите на човековите права.

Следејќи го холистичкиот пристап, во текот на конференцијата се опфатија три главни погледи: дефиниција, практика и законодавство. Поточно, целите на конференцијата се фокусираа на:

- **Појаснување на водечките принципи: Да се навлезе во основните принципи на менталното здравје, цврсто вкоренети во пристапот на човекови права, со цел да се овозможи јасност и насока.**
- **Инкорпорирање на перспективите на обезбедувачите на сервисни служби: да се опфатат предизвиците на обезбедувачите на сервисни служби во ова поле, осигурувајќи дека се земени предвид нивните ставови и се застапени на европско и на национално ниво.**
- **Прикажување практични алатки и добри практики: да се идентификуваат опипливи алатки и добри практики кои ги преточуваат апстрактните насоки во иницијативи кои може да се реализираат.**
- **Зајакнување на законските рамки, финансирањето и политиките за поддршка, како и застапување за пошироки стратегии за сеопфатно интегрирање на пристапите за ментално здравје низ секторите.**

Преку поттикнување на дијалог, соработка и размена на практични идеи, конференцијата се стремеше да постави основа за поинклузивен и поефективен систем за пружање сервисни служби за ментално здравје. Сите чинители треба да се вклучат за да се промовира систем за сервисните служби за ментално здравје во кој сите ќе бидат третирани со достоинство, почит и искрена заложба за нивната добросостојба.

Во рамки на конференцијата беа одржани неколку панел дискусии, на следните теми:

- **Глобалниот контекст на обезбедување на сервисни служби во областа на менталното здравје и психосоцијалната попреченост во Европа;**
- **Придвижување на сервисните служби во областа на менталното здравје кон сервисни служби во местото на живеење ориентирани кон лицето и засновани на закрепнување, а вкоренети во принципите на човековите права;**
- **Зајакнување на системот во областа на менталното здравје: ефективни пристапи надвор од Европа;**
- **Преобликување на сервисните служби во областа на менталното здравје во различни правни рамки;**
- **Како да ја поддржиме промената во парадигмата? Да разговараме!**

Дополнително, во рамки на конференцијата се одржаа и низа работилници на следниве теми:

- **Практични начини за обезбедување поддршка на лицата со интелектуална попреченост и потешкотии со менталното здравје;**
- **Зајакнување на раното детство: поттикнување на добросостојбата на децата и сите оние кои се грижат за нив;**
- **Награди за иновации: практични примери од ветувачки практики;**
- **Вкрстеност помеѓу состојбите на менталното здравје, психосоцијалната попреченост и несигурноста;**
- **Опфаќање на прашањата за однесувањето и агресијата во инклузивното образование;**
- **Сексуално и родово базирано насилство;**
- **Научени лекции во областа на менталното здравје и психосоцијалната поддршка во кризни контексти: траума, вонредна состојба и раселување;**
- **Развој на проекти: Поттикнување на нови истражувачки идеи за менталното здравје и психосоцијалните попречености.**

На конференцијата „Гарантирање на избор и контрола: Трансформирање на поддршката во областа на менталното здравје и психосоцијалната попреченост" учествуваа Д-р. Василка Димоска Де Јонг, Генерален секретар на РЦПЛИП – ПОРАКА и м-р Владо Крстовски, програмски менаџер на РЦПЛИП – ПОРАКА. Исто така, Генералниот секретар, како член на Управниот одбор на ЕАСПД, учествуваше на состанокот на Управниот одбор, а како претседавач на Форумот на ЕАСПД за рана интервенција, го водеше состанокот на овој форум. Заедно со програмскиот менаџер, учествуваа на состанокот на Форумот на ЕАСПД за инклузивно живеење и седницата на Генералното Собрание.





Активности на Европскиот форум за попреченост - ЕДФ

# Генерално собрание на ЕДФ и конференција на тема: „Технологијата во вработувањето. Чекор кон инклузија“

Генералното собрание на Европскиот форум за попреченост – ЕДФ се одржа на 11-ти и 12-ти мај 2024 година во Љубљана, Словенија.

На Генералното собрание му претходеше конференција на тема: „Технологијата во вработувањето. Чекор кон инклузија“ на која присуствуваа над 200 учесници. За време на конференцијата, која беше поддржана од Google.org, се презентираа наодите од европското истражување за **„Дигитални вештини, прилагодување и технолошка асистенција за вработување“**, како и препораките кои ги опфатија следните клучни точки:

- **Креаторите на политики мора да го зголемат фокусот кон дигитални вештини и нивно изучување во училиштата.**
- **Работодавците и технолошките компании мора да ги вклучуваат организациите на лица со попреченост во развојот, дизајнот и користењето на асистивните алатки.**
- **Јавните власти мора да ја зголемат државната помош што е на располагање за работодавците за нивно покривање на настанатите трошоци.**
- **Работодавците мора да инвестираат во и да промовираат обука за менаџерите и персоналот од човечки ресурси. Ова мора да опфати обука за тоа како да се прилагодат потребите на лицата со попреченост и процесите за регрутирање да се направат пристапни.**
- **Зајакнување на врската помеѓу организациите на лица со попреченост и синдикатите.**

По завршувањето на Конференцијата се одржа Генералното собрание на ЕДФ за 2024 година на тема: **Избори, деловна способност и примена на ЕУ законот** на кое присуствуваа околу 100 учесници. За време на Генералното собрание се избраа два нови члена на Одборот: Victoria Biber (Austran Disability Council) и Stephanie Wooley (ENUSP). Исто така, се усвоија и промени во статутите, воведувајќи ограничување на мандатот за лицата кои ја извршуваат функцијата претседател и претставниците кои се во Извршниот комитет на ЕДФ.

За време на состанокот, делегатите исто така:

1. **Се запознаа и се согласија со главните наоди од 8-от извештај за човекови права во однос на деловната способност.**
2. **Дебатираа за примена на ЕУ законот и го претставија Прирачникот за примена на ЕУ законот.**
3. **Усвоија Резолуција за правата во областа на попреченоста, мир и решавање конфликти.**
4. **Ја усвоија Варшавската декларација за опоравување и реконструкција на Украина која ја вклучува и попреченоста.**
5. **Ги усвоија финансискиот и наративниот извештај за 2023 година, планираниот буџет и активности за 2025 година.**
6. **Го поздравија политичкиот договор за Европската картичка за попреченост и Европската картичка за паркинг.**
7. **Дискутираа за стратегијата на ЕДФ во следните четири години. Советниците кои го поддржаа процесот ги презентираа следните нови цели: ангажман за членство и градење капацитети; различност и инклузија; комуникација и дисеминација; организациски развој; стратешки сојузи.**
8. **Го подготвија учеството на ЕДФ во прегледот на ЕУ од страна на Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост, потенцирајќи ја важноста дека препораките ќе бидат имплементирани.**
9. **Се согласија околу најважните идни чекори во кампањата за Европските избори, вклучително и потребата да се ангажираат кандидати за повторно воспоставување на Интергрупата за попреченост во Европскиот парламент.**
10. **Ја поставија датата за следниот регионален самит во областа на попреченоста на високо ниво за меѓународна соработка и хуманитарна акција, со фокус на поширока Европа и Централна Азија.**

Делегатите разговараа и за развојот во политичкото учество, слушнаа за скорешните развитоци во Словенија, Луксембург и Грција. Исто така, се запознаа и со активностите на ЕДФ во однос на застапувањето и постигнувањата. Се потенцираа постигнувањата на Комитетот на жени и Комитетот на млади, подготовката на европските и глобални самити во областа на попреченоста, напредокот во Европската стратегија за правата во областа на попреченоста и за политичкото учество на лицата со попреченост, Директивата за еднаков третман, регулативата за прекугранична заштита на возрасните, договорот за Директива за борба против родово базирано насилство и за работата на неколку документи поврзани со пристапноста и дигиталниот свет.

На Конференцијата и на Генералното собрание на ЕДФ, како делегат на Националниот совет на инвалидски организации на Северна Македонија, учествуваше м-р Владо Крстовски, програмски менаџер на РЦПЛИП - ПОРАКА, кој ги пренесе искуствата и актуелните состојби во областа на попреченоста во нашата држава и со тоа придонесе во креирањето на стратешките документи на ЕДФ.



# Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

**Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп**

Програмските активности во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп опфаќаат разновидни активности наменети за усвојување и унапредување на вештините за самостојно живеење. Во рамки на социјалните активности се реализираа голем број активности во соработка со други лица.

Во текот на месец март студенти од Педагошки факултет – Битола од насоката Социјална и рехабилитациска педагогија, во неколку наврати во дневниот центар ја реализираа факултетската пракса со претходно договорени активности. Овој вид на активности се нови и поразлични за корисниците, а истите претставуваат добра можност за остварување нови контакти и градење близина со непознати лица. Воедно, овие активности претставуваат и добра можност за самите студенти да се запознаат со начинот на работа и активностите во дневните центри, карактеристиките и пристапот во работа со лица со интелектуална попреченост. По покана од Општина Прилеп, на ден 21.03. корисниците присуствуваа на организиран музички настан од Општина Прилеп во „Паркот на непобедените – Могила", по повод денот на пролетта и отворањето на новиот инклузивен парк. За време на настанот во знак на одбележување на Светскиот ден на лицата со Даунов синдром, корисниците на дел од присутните им подарија хартиени белезици.

Еднаш неделно се реализираа и активности со наставничката Вера Попоска. Па така, на 28-ми март се реализира рекреативно пешачење до „Паркот кај судот", а на 4-ти април се реализира рекреативно пешачење и пикник во „Паркот на непобедените – Могила". По повод одбележувањето на големиот Христијански празник Велигден, на 25-ти април се реализира работно-окупациона работилница на која се изработуваа декоративни корпи за јајца од украсна хартија, а на 16-ти мај се реализира едукативна работилница на која се повторуваа домашните и дивите животни. Исто така, се реализираа и работилници за разубавување и хортикултурно уредување на дворот во дневниот центар. Корисниците со употреба на различни земјоделски алати ја обработуваа земјата во дворот, а потоа садеа различни дворски цвеќиња во автомобилски гуми.

Во месец април и мај се реализираа и работилници со ученици од СОУ „Ѓорче Петров" – Прилеп. Па така, по повод празникот Голем Петок, празник посветен на Пресвета Богородица во придружба на учениците се реализира посета на манастирот св. Архангел Михаил сместен во најстарата прилепска населба Варош. На ден 28.05. во нивна придружба се реализира и активност за безбедно и самостојно преминување пешачки премин и пешачки премин на кружен тек.

**Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш**

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА се реализираа според предвидената програма за работа. Покрај нив, се реализираа и низа активности со соработниците на дневниот центар. Екипа на медицинскиот персонал од Здравствениот дом во Радовиш на 15.3.2024 година ги посетија корисниците на дневниот центар и направија целосен систематски преглед со земање на примероци за крвна слика, мерење на крвен притисок, ЕКГ прегледи. Се поделија корисни совети за грижа за сопственото здравје, како и чекори за санирање на евентуални понатамошни здравствени проблеми.

На 21 март во просториите на дневниот центар се одбележа денот на лица со Даунов синдром заедно со волонтерите на Црвен крст и ученици со Даунов синдром во ООУ „Крсте Петков Мисирков" од Радовиш и ООУ „Св. Кирил и Методиј" од с. Ораовица. Преку различни интерактивни активности од натпреварувачки карактер, корисниците на дневниот центар, учениците и волонтерите на Црвен крст ја пренесоа пораката дека лицата со Даунов синдром треба да се прифатат и поддржат во секојдневниот живот. Истиот ден се сними промотивно видео само со лицата со Даунов синдром и волонтерите на ОО на Црвен крст - Радовиш низ повеќе локации низ градот. Лицата со Даунов синдром се најдоа во улога на продавачи, потоа следеше заедничко дружење во градскиот парк, а во просториите на Црвениот крст ги покажаа своите можности и способности.

На 30.3.2024 година се одржа премиерна изведба на театарската претстава „Малата сирена" во СОУ ,,Коста Сусинов" од Радовиш. Ова е втора претстава на корисниците





## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

на дневниот центар пред широката радовишка јавност каде ги покажаа своите можности на сцената и кореографска изведба.

На почетокот од месец април, „Хортикултура садници" од Радовиш донираше садници за хортикултурно уредување на надворешниот простор на дневниот центар. Корисниците активно учествуваа во засадување на садниците и наредните денови се грижеа за нив со редовно полевање со вода.

На 12-ти април корисниците на дневниот центар беа во ООУ „Крсте Петков Мисирков" и присуствуваа на тактичко показна вежба за мобилизација во случај на пожар. Вежбата се реализираше во соработка со противпожарната бригада, полицијата, службата за итна помош од Здравствениот дом во Радовиш, како и со волонтерите при ОО на Црвен крст во Радовиш. На знак на аларм од противпожарно возило кое стаса во училишниот двор, наставниците ги мобилизираа учениците надвор од училишната зграда на безбеден начин, без паника со цел да знаат учениците како треба да се движат за да бидат безбедни. Волонтерите на Црвениот крст на лице место покажаа како се пружа помош на лица повредени од пожар, а сите присутни имаа можност да поставуваат прашања до службите за се што ги интересира со цел да се заштитат себеси и да спасат нечиј живот.

На 19-ти април членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица беа во посета на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш. Корисниците меѓусебно се запознаа споделувајќи искуства за се што работат и со кои активности се занимаваат во дневниот центар и социјалниот клуб. Исто така, сите заеднички на овој ден имаа можност да го слушнат предавањето од страна на Подрачната единица на Службата за внатрешни работи во Радовиш кои беа исто така гости во дневниот центар. Темите за разговор се однесуваа на сообраќајот, сообраќајните правила и прописи за безбедност во сообраќајот. Понатаму, се говореше за ликот на полицајците во униформа, работните задачи и обврски на полицијата во одржување на јавниот ред и мир, како и помош и ургенции во различни ситуации. Помош и поддршка на оваа средба имаше и од волонтерите на ОО на Црвен крст во Радовиш кои се дружеа со сите корисници и им помогнаа полесно да ја сфатат оваа тема преку игра и взаемна интеракција.

На 28-ми април корисниците на дневниот центар, заедно со ученици од ООУ „Никола Карев" и волонтери од Црвениот крст спортуваа во салата на училиштето.

**Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип**

Дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Штип во изминатиов период редовно ги спроведува своите програмски активности. Покрај нив, реализираше и низа активности со други организации и поединци на локално ниво. Во текот на месец март, во просториите на дневниот центар се одржуваа подготовки и проби за настан што го организира долгогодишен член на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип, а по повод светскиот ден на Даунов синдром. Настанот се одржа на 21 март 2024 година во НУУБ „Гоце Делчев", при што беше поставена изложба на слики на Дарко Трајков, лице со Даунов синдром, а корисниците на дневниот центар, заедно со останатите учесници, се претставија со својот настап. На 22-ри март, на покана од општина Штип, корисниците на дневниот центар зедоа учество на настан на кој се претставија со точка на тема „Не за дискриминација". На истиот настан, еден од корисниците учествување во натпревар на изработки од рециклиран материјал, при што му беше доделена награда од страна на Градоначалникот на Општина Штип за освоено второ место.

Како резултат на воспоставената соработка со ОО Црвен крст – Штип во изминатиот период се реализираа неколку заеднички активности. На 9-ти април се спроведе еко акција за расчистување и уредување на дворот во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип. На 29-ти април, корисниците заедно со волонтери од Црвениот крст се дружеа во Киноверзум Штип, каде го проследија филмот Арката на Ноа. На 10-ти мај младите волонтери на Црвениот крст го посетија дневниот центар и донираа магнетна табла, тастатура, таблет и два пара слушалки. Средствата беа собрани од претходно организиран хуманитарен турнир во баскет.

По повод патронот на католичката црква во Штип, Свето Благовештение, на 7-ми април, дел од корисниците на дневниот центар го посетија храмот, каде имаа можност да присуствуваат на свечена миса и да поделат нивни рачно изработени сувенири. На покана од организаторот на трката Superior Runs, корисниците зедоа учество како волонтери. Корисниците и нивните родители беа позиционирани на четири различни делови каде поминуваше рутата на трката, при што држеа паноа со мотивирачки пораки, делеа вода, подготвуваа овошни и освежителни напитоци.

Во изминатиот период се реализираа и неколку активности во рамки на веќе воспоставената соработка со НУ – УБиблиотеката „Гоце Делчев" – Штип. На 14-ти мај се спроведе инклузивна работилница во чест на светите браќа Кирил и Методиј, на која учествуваа ученици од ООУ „Ванчо Прке", корисници на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип и ученици од ДСУ за образование и рехабилитација „Искра". Учесниците се претставија со литературни и ликовни творби инспирирани од ликот и делото на светите браќа, а сите заедно изработија постер со наслов „Азбучно дрво", симбол на писменоста, но и на еднаквоста, прифаќањето и поддршката.

На 30-ти мај се реализираше изложба во фоајето на НУЦК „Иљо Антески – Смок" во Тетово на која се поставија цртежите во арапска техника на Вера Цафовска, корисник на дневниот центар и слики на Дарко Трајков, член на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип.



# Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

**Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје**

Активностите во дневните центри на ЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје непречено се реализираа согласно програмата за работа. Како резултат на континуираната соработка со Факултетот за социјална работа и социјална политика при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во дневниот центар во населбата Аеродром, два студенти од прва година во периодот од март до средината на мај, секој петок, реализираа социјална пракса. Исто така, во рамките на предметот „Социјална работа со лица со попреченост“ во двата дневни центри, практична настава реализираа студенти од трета година при истиот факултет. Во месец мај, нашите корисници беа посетени и од група студенти од социјална работа и социјална политика од универзитетот во Будимпешта, Унгарија.

Развивајќи ја соработката со образовни институции во општините во кои се наоѓаат дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје, во изминатиов период бележиме повеќе активности. Во дневниот центар во населбата Капиштец на 25.03.2024 година се реализираше градинарска работилница. Ученици од ООУ „Киро Глигоров“ заедно со корисниците пресадува закоренети садници со цвеќе и подготвуваа садници со расад од градинарски култури. По повод патрониот празник на ова училиште, на 19.04.2024 година група корисници присуствуваа на одбележувањето на овој настан. На 15.04.2024 година во просториите на СУГС „Лазар Танев“, корисници на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје учествуваа на кулинарска работилница за подготовка на различни видови на колачи. Покрај стекнување на нови вештини корисниците имаа можност да се дружат и да се запознаат со учениците од ова училиште. Неколкумина корисници од дневниот центар во Аеродром на 22.04.2024 година во МКЦ учествуваа на изложба на завршни проекти и макети изработени од ученици од СУГС „Здравко Цветковски“. Изложбата беше дел од манифестацијата „Средно Ленд“.

Во соработка со Градско Кино „Милениум“ на 13.04.2024 година корисниците и нивните родители ја проследија проекцијата на филмот „Кучиња во опера“.

Изминатиов период корисниците од двата дневни центри интензивно беа ангажирани во Зелена Арка – „Бостание“. Оваа година се обидоа самостојно да го реализираат процесот на производство на градинарски култури. Од сеење на расад за различни видови зеленчук до подготовка на почвата за садење, засадување, плевење, полевање. Кон крајот на месец мај и почетокот на јуни, истите имаа можност и да ги консумираат првите производи од градината. Посетите и активностите на „Бостание“ беа забележани и од фотоапаратот на г-ѓа Линда Трајковска, професор по фотографија. Идејата е на крајот да се направи изложба од фотографиите од овие активности под наслов „Од градина до трпеза“.

Актерите од аматерскиот театар „Театар Пи“ редовно реализира работилници по глума во просториите на двата дневни центри. Во неколку наврати тие беа потпомогнати и посетени од надворешен соработник од Р. Бугарија кој претстави нови и интересни техники. Во очекување сме на најавената претстава „Ние луѓето“.

Веќе втора година по ред како континуирана активност е и рециклирањето на пластична амбалажа на вендинг машини, па така, и во изминатиов период во истата учествуваа корисниците од двата дневни центри.

Во месец мај активно се работеше на уредување на надворешниот простор на дневниот центар во населбата Капиштец. Во овој процес активно учествуваа корисниците, дел од родителите и едукаторите.

**Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица**

Социјалниот клуб на РЦПЛИП - ПОРАКА во Струмица на 21-ви март, по повод Светскиот ден на лицата со Даунов синдром, реализираше заедничка работилница со корисниците на државниот дневен центар во Струмица и се испратија пораки за поддршка на овие лица во секојдневното живеење.

Истиот ден, по повод денот на екологијата, корисниците на социјалниот клуб заедно со дел од нивните родители беа дел од активностите организирани од ООУ „Видое Подгорец“ на кои учествуваше и Градоначалникот на Општина Струмица. Сите присутни имаа можност да посадат цвеќиња и да се дружат меѓусебно. На крајот од месец март, заедно со волонтерите од ОО на Црвениот крст во Струмица се реализираше креативна работилница на која се изработија 15 цртежи во акварел техника и истите беа изложени во Europe House – Струмица.

Во текот на месец април, исто така, се реализираа неколку интересни активности. Една од нив беше креативната работилница во организација на етно ресторанот „Кај Виктор“, по повод Светскиот ден на лицата со аутизам. На






работилницата, покрај корисниците на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица, заедно твореа и волонтери од Црвениот крст во Струмица, членови на здружението на граѓани „Говорот на срцето" од с.Босилово и Центарот за дневен престој за активно стареење од с.Турново. Уште една креативна работилница беше реализирана во етно ресторанот „Кај Виктор" на 26-ти април. Овој пат, корисниците заедно со членовите на здружението „Говорот на срцето" и жените од Центарот за дневен престој за активно стареење од с.Турново вапцаа велигденски јајца и изработуваа велигденски креации и ракотворби. Следниот ден, овие ракотворби како и останати изработки на корисниците на социјалниот клуб беа поставени во центарот Струмица, на предвелигденскиот базар „Лазарова сабота". Собраните средства ќе се искористат за набавка на материјали за работа на социјалниот клуб. На крајот на месец мај, корисниците на социјалниот клуб го посетија играорното друштво „Фолклорна низа" и имаа можност да се запознаат со дел од традиционалните македонски ора, но и заедно да запеат и да заиграат со играорците.

На 20-ти април се одбележа 50 годишниот јубилеј од постоењето на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Струмица. Настанот се организираше во Етно ресторанот „Кај Виктор", а на него присуствуваа голем број на поранешни и сегашни членови и соработници на организацијата. На настанот се обратија дел од основачите на организацијата кои потсетија на нејзиното отпочнување со работа, како и развојот во првите децении од функционирањето, Претседателката, пак, говореше за долгогодишната работа на социјалната сервисна служба, ја истакна поддршката од РЦПЛИП – ПОРАКА, како и поддршката на Општина Струмица и останатите здруженија на граѓани, приватни фирми и поединци. Настанот беше збогатен со песни и ора на играорките од „Фолклорна низа" од Струмица.

**Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија**

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија во текот на месец март реализираше повеќе креативни и едукативни активности и работилници со корисниците, но и со дел од нивните родителите. Се разговараше за празникот на жената/мајката, неговото значење, а се изработија и честитки по повод 8-ми Март и заедно со саксиско цвеќе беа поделени на мајките. Се спроведоа активности за заедничко декорирање на маса, подготовка за послужување, правење овошна и зеленчукова салата (сечкање самостојно или со



помош), послужување и дегустирање. По повод светскиот ден на лицата со Даунов синдром се реализираше креативна работилница од која се испратија и пораки за поголемо вклучување на лицата со Даунов синдром со сите текови на општественото живеење. Корисниците на социјалниот клуб имаа можност за дружење во природа со членови на Здружение на пензионери во Гевгелија и Фондацијата Аполонија во рамки на проектот „Доживување на втора младост во трето доба".

Дел од практичните активности беа насочени кон одбележување на Велигденските празници. Се разговараше за неговото значење, се изработуваа декорации со мотив за празникот како што се: корпички за јајца од хартија и картон, траки во различни бои и сл. На една креативна работилница учествуваа и членки на Здружението на пензионери во Гевгелија и изработија плетени корпички за јајца, исто така, донираа различен материјал за нашите идни креативни работилници. На една од работилниците се вапцаа јајца и истите беа декорирани и ставани во украсните корпи кои претходно беа изработени.

По повод празникот на трет ден Велигден корисниците на социјалниот клуб присуствуваа на литургија во црквата св. Кирил организирана само за членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија и родители кои сакаа да присуствуваат

Исто така, корисниците на социјалниот клуб учествуваа на настанот за засадување на цвеќе, а потоа и на свечено отворање на новиот инклузивен парк во Гевгелија „Ице Бегов". На покана на ЗГ „Поддршка" дел од членовите беа присутни на улична драма за превенција од дискриминација, родово базирано насилство и семејно насилство во рамки на проектот „Сите сме еднакви". Кон крајот на месец мај се реализираа и активности за одбележување на денот на сесловенските просветители. На покана на Фондација Аполонија присуствуваме на Комунити Караван на плоштадот во Гевгелија, настан организиран во рамки на проектот „Здружи се за заедницата". Во текот на сите работилници се спроведуваа и заеднички друштвени игри, како што се играње пикадо, куглање во импровизирани услови, редење сложувалки самостојно или со помош, играње карти.

**Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци**

Предвидените активности редовно се реализираа во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци. Во текот на месец март дел од активностите беа посветени на одбележувањето на меѓународниот ден на жената преку изработки на честитки и разговори за значењето на овој ден. Исто така, се одбележаа и денот на планетата земја и денот на екологијата, при што корисниците на социјалниот клуб засадија зимзелени дрва во дворот, а потоа и редовно ги одржуваат со полевање. Се реализираа и две работилници со волонтери од ОО Црвен крст – Кавадарци, на кои се креираа рачни изработки, но и се вежбаа практични активности, т.е. подготовка на палачинки.

Соработката со Црвениот крст продолжи и во април месец. Заеднички се реализираа неколку активности. Првата од нив беше ликовна работилница на која корисниците твореа на слободни теми. Потоа се реализираше музичка работилница, на која корисниците на социјалниот клуб имаа можност да се запознаат со неколку музички инструменти и да заиграат народни ора. Во текот



на април, исто така, се реализираа и работилници на кои се говореше за Велигденските празници и се украсува велигденски јајца, се играа и друштвени и забавни игри, и се наводнуваа цвеќињата и дрвјата во дворот. Грижата за дрвјата и цвеќињата, како и хигиената во дворот продолжи и во месец мај. Корисниците редовно го чистеа дворот и ги наводнуваа цвеќињата и дрвјата.

Се реализираа и практични активности за одржување на личната хигиена и самопослужување. Исто така, се реализираа и креативни работилници на кои се правеа изработки од глинамол и пластелин.

**Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница**

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница во текот на март месец реализираше неколку посети на кои корисниците имаа можност да се запознаат со работата на градската библиотека „Ванчо Прќе", домот на културата „Тошо Арсов" и музејот Теракота во Виница. Се реализираа низа активности на тема пролет, при што се разговараше за карактеристиките на ова годишно време, но и се изработуваа цртежи од различни материјали на оваа тема. Исто така се реализираа и практични активности за одржување на хигиената во социјалниот клуб и личната хигиена.

Во текот на април дел од активностите беа посветени на одбележувањето на велигденските празници, т.е. се изработуваа рачни изработки со велигденски мотиви. Потоа се реализираа и активности за одбележување на денот на планетата земја, а се продолжи и со практичните активности за одржување на хигиената во просторот и личната хигиена.

Во текот на месец мај се продолжи со активности за одбележување на велигденските празници. Се украсуваа велигденски јајца, а потоа изработените украси се подаруваа на граѓаните од Виница кои го посетија социјалниот клуб.

Дел од нив донираа симболични средства кои ќе се искористат за набавка на материјали за работа во социјалниот клуб. Се реализираа и активности за одбележување на светскиот ден на пчелите, 20-ти мај, т.е., од пластични лажици се изработуваа пчели и се разговараше за нивното значење во природата, но и за здравјето на луѓето. Исто така, се одбележа и денот на сесловенските просветители, а продолжија и активностите за одржување на хигиената во просторот и личната хигиена.

**Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола**

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола, во текот на месец март, покрај редовните активности, реализираше и неколку креативни работилници. Една од нив беше и работилницата со постојаните соработници од ООУ „Тодор Ангелевски". Учениците и корисниците заедно креираа дрво на соработка, кое ќе се надоградува со секоја нова заедничка активност.

Во текот на месец април дел од активностите беа наменети за изработка на ракотворби со велигденски мотиви. Корисниците од различни материјали изработуваа корпи, зајчиња и честитки кои беа презентирани на Велигденски базар.

Базарот се одржа на 27-ми април на Широк Сокак во Битола. На настанот присуствуваше и Градоначалникот на Општина Битола, кој се вклучи во дел од активностите, изразувајќи ја својата поддршка за поголема инклузија на лицата со интелектуална попреченост во општеството. Поддршка дадоа и учениците од ООУ „Тодор Ангелевски", други соработници, граѓани на Битола, како и студентите од Педагошкиот факултет во Битола.

На почетокот на месец мај, корисниците го посетија Домот за стари лица „Сју Рајдер" и на заедничката работилница, покрај дружбата бојадисуваа и велигденски јајца. На покана на НУУБ „Св. Климент Охридски" во Битола, корисниците на социјалниот клуб беа дел од проектот „Креативни и забавни работилници за поттикнување на читањето кај лица со попреченост – добри практики", поддржан од Министерството за култура, во кој се предвидени неколку работилници на различни теми.

Соработката со Педагошкиот факултет – Битола продолжи да се реализира и во изминатиот период. Па така, во текот на април и мај месец, осум студенти поделени во три групи од студиската програма Социјална и рехабилитациска педагогија, практичната настава ја реализираа во социјалниот клуб.





ПОРАКА

# Наша Страница

## Велигденски базар во организација на ЦПЛИП - ПОРАКА Битола

**Во организација на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Битола, се одржа „Велигденски базар и забава со друштвени игри“. На настанот насловен „Боите на Велигден“, присуствуваше и градоначалникот на општина Битола, Тони Коњановски, кој се вклучи во активностите, изразувајќи ја својата голема поддршка за поголема инклузија во општественото живеење на лицата со интелектуална попреченост.**






**Градоначалникот Коњановски, истакна дека ваквите форми на ангажираност на овие лица се од посебно значење во процесот на остварување на нивните основни човекови права и создавање еднакви можности за сите граѓани, но и начин празничната радост да допре до секој дом.**
**Поддршка на настанот со свое учество дадоа и учениците од ООУ „Тодор Ангелевски“, други соработници, граѓани на Битола, како и студентите од Педагошкиот факултет во Битола.**





*Преземено од официјалната Фејсбук страна на Општина Битола*

ISSN 0350-5863